Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ
Примено: 6. IV. 2015
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 220/1 | | |



Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Врз основа на член 4 од Правилникот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност (бр. 02 –1047/10 од 9.9.2014 год), Одборот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" објавува

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-387/2
30.3 2015 год.
СКОПЈЕ

**КОНКУРС**

**за избор на најдобри научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за 2014 година**

1. Со овој Конкурс се доделуваат награди на најдобрите научници на факултетите и научните установи во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2014 година.

2. Право на учество на конкурсот има секој истражувач што е во работен однос на единица на Универзитетот.

3. Кандидатите за добивањето на наградата, **најдоцна до 17.4.2015 година до продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука во својата институција** треба да достават:
   – пријава;
   – кратка биографија;
   – преглед на **објавени научни трудови** и на **научни активности за кои се објавени резултати** во периодот од 1.1.2014 до 31.12.2014 година;
   – по еден примерок од секој труд наведен во прегледот.

4. Во постапката за избор на најдобрите научници за 2014 година секоја единица треба да изврши евалуација на поднесената документација од сите пријавени кандидати и да предложи најмногу 3 истражувачи што се во редовен работен однос во единицата за добивање на наградата.

5. Во постапката на евалуацијата на доставените пријави, секоја единица треба да ги земе предвид само следниве активности:
   - Пленарен предавач на научен собир (дом./меѓун.)
   - Секциски предавач на научен собир (дом./меѓун.)
   - Статија во зборник на трудови од научен собир (дом./меѓун.)
   - Статија во нереферирано научно списание (дом./меѓун.)
   - Научна монографија/поглавје во монографија
   - Статија во списание реферирано во Thomson Reuters или во Scopus

6. Единицата на Универзитетот, односно продеканот за наука/лицето одговорно за наука во единицата, комплетните материјали за првите три рангирани кандидати за добивање на наградата најдобар научник за 2014 година од својата институција треба **да ги достави до Комисијата за наука на Универзитетот најдоцна до 30.4.2015 година**.

**Претседател на Одборот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

...ИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-387/2
30.3 2015 год.
СКОПЈЕ

**КРИТЕРИУМИ**
**за избор на десетте најдобри научници**
**на Универзитетот за 2014 година**

При изборот на десетте најдобри научници, предвид ќе бидат земени **само научни** активности и трудови и **само објавени** резултати. *Нема* да бидат земани предвид *наставни* и *стручни* трудови и *нема* да бидат вреднувани трудови што се *во печат*. Минимален услов еден труд се смета за објавен е да се појави на интернет страницата на списанието со целосни податоци за годината, томот и страниците.

Предвид ќе бидат земени следниве активности:

1) Пленарен предавач на научен собир (дом./меѓун.): 1 (2) поена
2) Секциски предавач на научен собир (дом./меѓун.): 0,5 (1) поен
3) Статија во зборник на трудови од научен собир (дом./меѓун.): 1 (3) поени *
4) Статија во нереферирано научно списание (дом./меѓун.): 2 (3) поени
5) Научна монографија/поглавје во монографија 16(10) поени **
6) Монографија, рецензирана од експерти во струката, објавена од македонска издавашка куќа (не лично издание) 4 поени
7) Статија во списание реферирано во Thomson Reuters или во Scopus: 8 поени + $IF \cdot k$

   каде *IF* е факторот на влијание според Thomson Reuters, а коефициентот *k* има вредност:

   $k = 1$ – за списанија од областа на медицинските и природните науки;
   $k = 1,5$ – за списанија од областа на техничките и биотехничките науки;
   $k = 3$ – за списанија од областа на математичките науки;
   $k = 3$ – за списанија од областа на општествените и хуманистичките науки.

Бројот на поени (бодови) по секој основ (в. погоре) се дели меѓу авторите, на следниов начин:

а) Доколку во трудот е експлицитно нагласено дека сите автори имаат еднаков удел во работата, бројот на поени се дели со *n* (*n* = број на автори).

б) Во сите останати случаи, бројот на поени се дели со $n + 1$ (*n* = број на автори). Секој од авторите добива по $1/(n + 1)$ износ од бројот на поени, со исклучок на „кореспондентниот автор“ (corresponding author, correspondence author) кој добива двојно поголем износ, односно $2/(n + 1)$. Ако не е нагласено кој е corresponding author, се смета дека тоа е првиот автор.

* Втората бројка (3) се однесува на зборник на трудови, кога тој е рефериран во Thomson Reuters или во Scopus.

** Само доколку се работи за научна монографија, печатена од една од реномираните издавачки куќи. Листата на реномирани издавачи, може да се најде на интернет страницата: http://wokinfo.com/mbl/publishers/

**Претседател на Одборот за избор на научници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“**

**Проф. д-р Велимир Стојковски**